РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА
UNIVERZITETI NDËRKOMBËTAR NË STRUGË
Бр.Nr 09-320/3
30.06.2025 г.v.
СТРУГА-STRUGË

Архивски знак
Shenja Arkivore 0901
Рок на чување
Afati i ruajtjes
30.06.25 г.v.
Потпис/Nënshkrim

Врз основа на членовите 110, 172, 173 и 182 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр. 82/18), член 168 и 227 од Статутот на Универзитетот, како и член 16 и 23 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Меѓународниот Универзитет во Струга, Наставно–научниот совет на Факултетот за Економски науки на седницата одржана на 30.06.2025 година, распишува:

# К О Н К У Р С

## За избор на наставници во сите наставно-научни, наставни, наставно-стручни и насловни звања на Факултетот за Економски науки при МУС

За избор на наставник, конкурс се распишува за 1 (еден) извршител, од наставно-научните области:

- Сметководство 5.02.00.06
- Финансии 5.02.00.07

од Меѓународната Фраскатиева класификација на научно-истражувачките подрачја, полиња и области Сл. Весник на РСМ бр. 91/2024).

Кандидатите за избор треба да ги исполнуваат општите и посебните услови за избор во наставно-научни, наставни, наставно-стручни и насловни звања определни во член 166 и 182 од Законот за високото образование на РСМ и во член 11 и 16 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Меѓународниот Универзитет во Струга, како и Анексот 1 на овој Правилник, а кои гласат:
Во наставно-научно звање доцент, може да биде избрано лице кое:
1. има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот циклус и вториот циклус,
2. има научен степен доктор на науки од научната област за која се избира,
3.има објавени најмалку четири научни труда во референтна научна публикација согласно со овој закон во последните пет години пред објавувањето на огласот за избор,
4. има познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа и
5. има способност за изведување на високообразовна дејност.

Конкурсот ќе биде отворен на 01.07.2025 година и ќе трае 8 (осум) дена од денот на објавување на истиот.

Прием на пријавите и документацијата се врши во седиштето на Меѓународниот Универзитет во Струга во Населба Езерски Лозја бр. 1, Струга.

Кон пријавите кандидатите треба да достават:

-Биографија;
-Доказ за завршено соодветно образование од областа за која конкурираат;
-Список на објавени научни трудови.

Ненавремено доставените пријави, како и пријавите со непотполна документација нема да се разгледуваат.

Струга, 30.06.2025

ДЕКАН

Проф. д-р Газменд Беши